# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА

**Службен весник на РМ, бр. 145 од 05.11.2010 година**

### Член 1

Во Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009), во членот 2 по ставот (1) се додаваат три нови ставови (2), (3) и (4), кои гласат:

„(2) Овој закон се применува и на други јавни давачки, доколку истите со закон се доверени да ги управува Управата за јавни приходи.

(3) Овој закон се применува и на паричните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, прекршочните, кривичните и управните постапки во корист на Република Македонија.

(4) Одлуката со која се утврдува паричната казна, односно глобата и трошоците изречени во корист на Република Македонија од ставот (3) на овој член, се доставува до Управата за јавни приходи од страна на судот или од надлежниот орган кој ја донел."

Ставот (2) станува став (5).

### Член 2

Одредбата од членот 1 ставови (2) и (3) од овој закон со кој се дополнува членот 2 со два нови става (3) и (4) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009), се применува и на предметите поднесени на извршување од страна на Државното правобранителство на Република Македонија кај извршител, а за кои не се преземени извршни дејствија. Државното правобранителство на Република Македонија е должно да ги повлече предметите од извршителот и да ги проследи до Управата за јавни приходи за натамошно постапување со денот на отпочнување со примената на одредбата од членот 1 став (1) на овој закон.

Предметите кои се наоѓаат во Државното правобранителство на Република Македонија заради започнување на постапка за извршување, а не се поднесени кај извршител до денот на отпочнување на примената на одредбата на членот 1 став (2) од овој закон со кој се дополнува членот 2 со два нови става (3) и (4) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009), Државниот правобранител на Република Македонија ги пренесува во надлежност на Управата за јавни приходи со денот на отпочнување на примената на одредбата на членот 1 ставови (2) и (3) од овој закон.

### Член 3

Пренесувањето на предметите поднесени на извршување од страна на Државното правобранителство на Република Македонија кај извршител, а за кои не се преземени извршни дејствија и на предметите кои се наоѓаат во Државното правобранителство на Република Македонија заради започнување на постапка за извршување, а не се поднесени на извршител, ќе се изврши најдоцна во рок од 30 дена од денот на отпочнување на примената на членот 1 ставови (2) и (3) од овој закон, согласно со Упатството за начинот на преземање на предметите што го донесува министерот за правда во согласност со министерот за финансии во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Одредбата од членот 1 став (1) на овој закон со кој се дополнува членот 2 со нов став (2) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009), ќе започне да се применува од 1 јануари 2011 година.

Одредбата од членот 1 ставови (2) и (3) на овој закон со кој се дополнува членот 2 со два нови ставови (3) и (4) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009), ќе започне да се применува од 1 ноември 2010 година.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".